Архивски број: 04-7551/12
Датум: 27-11-2026

Врз основа на член 10 и член 52 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 154/15, 48/15, 142/16 и 11/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24, 210/24 и 249/26), министерот за социјална политика, демографија и млади донесе:

ОДЛУКА
за избор на кандидати за унапредување по интерен оглас број 09/2026

1. Кандидатот **Бесим Јонузи,** по пат на Интерен оглас 09/2026 се избира за работното место УПР0101Б04000 Раководител на одделение внатрешна ревизија во јавните установи, Сектор за внатрешна ревизија.

2. Унапредувањето на административниот службеник од точка 1 ќе се изврши по конечноста на Одлуката, за што министерот ќе донесе посебно решение за унапредување и распоредување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на Министерството за социјална политика, демографија и млади и Агенцијата за администрација, на 18.11.2026 година беше објавен интерен оглас бр.09/2026 за работното место УПР0101Б04000 Раководител на одделение внатрешна ревизија во јавните установи, Сектор за внатрешна ревизија.

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од министерот за социјална политика, демографија и млади со решение бр. 04-7551/5 од 23.11.2026 година, спроведе административна селекција и согласно Записникот за административна селекција за интерен оглас бр. 04-7551/7 од 24.11.2026 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју бр. 04-7551/8 од 26.11.2026 година, подготви финална ранг листа на интервјуираните

Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат бр.04-7551/10 од 26.11.2026 година.

Врз основа на Финалната ранг листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог одлуката за избор, министерот за социјална политика, демографија и млади донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Министерството за социјална политика, демографија и млади до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Министер,
Гоко Велковски

ДОСТАВЕНО ДО:
- Кандидатот
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Архива

Изработил: Емилија Печинска
Одобрил: Александра Крстеска Ангеловска
Согласен: Јулијана Павковска Боцевска